# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИНАНСИИ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1702-377/14 од 12.12.2013 година, донесена на 69. седница на наставно - научен совет на Економскиот факултет, одржана на 10.12.2013 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден соработник во соработничко звање асистент за научната област ***финансии*** на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип во состав:

- доц. д-р Стеван Габер (претседател);
- проф. д-р Ристо Фотов;
- проф. д-р Трајко Мицевски.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Нова Македонија“, на 26.11.2013 година, и во предвидениот рок се пријави кандидатката м-р Марија Гогова Самоников.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за избор на еден соработник, објавен во дневниот весник „Нова Македонија на 26.11.2013 година, за научната област финансии се пријави кандидатката м-р Марија Гогова Самоников.

Кандидатката м-р Марија Гогова Самоников ги достави потребните документи наведени во Конкурсот и тоа:

- диплома за стекнат научен степен магистер на економски науки од областа монетарна економија (четири копии заверени кај нотар);
- список на објавени научни и стручни трудови, со примерок од нив;
- кратка биографија (четири примероци);
- потврда за странски јазик (еден примерок);
- список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите);
- уверение за државјанство.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Марија Гогова Самоников** е родена на 2 февруари 1984 година во Штип, каде што завршува основно и средно образование. Во учебната 2002/2003 година се запишува на Економскиот факултет во Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, каде што дипломира во 2006 година. Истата година се запишува на постдипломски студии на Економскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на насоката Монетарна економија, и се здобива со научен степен магистер на економски науки од областа на монетарната економија.

Од септември 2009 година, кандидатката е запишана на докторски студии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” – Скопје, Економски факултет - Скопје, со пријавена и одобрена тема за изработка на докторска дисертација со наслов *„Финансиските иновации како предизвик за функционирањето на финансиските институции и нивно вклопување во финансиската регулација“*.

***Наставно - образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатката м-р Марија Гогова Самоников во периодот од јули 2007 до 2010 година работи како помлад асистент на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, а во 2010 година е избрана во звање асистент од наставно-научната област *финансии* на истоимената институција. Во ангажираниот период кандидатката ги покривала следниве предмети:

– Основи на финансии;
– Финансиски менаџмент на здравствени институции;
– Финансиски пазари и институции;
– Банкарство;
– Планирање, анализа и контрола на трошоци во здравството;
– Економика, организирање и финансирање на локално здравство;
– Организациско однесување;
– Стрес менаџмент.

Покрај наведеното работно искуство, кандидатката има искуство во активното користење на англискиот јазик, како и одлично познавање на компјутерската литература: MS office (Excel, Word, Outlook, Windows, Power Point) и Internet.

Во поглед на научноистражувачкиот сегмент, кандидатката м-р Марија Гогова-Самоников достави список на ***објавени научни и стручни трудови*** од кои може да се согледа научната активност. Меѓу поважните трудови се следниве:

Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2013). *How the Textile Companies in South-East Europe Create Value: The Case of the Republic of Macedonia*. Management Dynamics in the Knowledge Economy, 1 (2). pp. 327-342. ISSN 2286-2668;

Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena (2013). *Attracting foreign direct investment in transition economies with special reference to the Republic of Macedonia*. Journal of Process Management - New Technologies, 1 (3). pp. 43-50. ISSN 2334-735X;

Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2013). *The role and importance of the textile industry in the national economy of the Republic of Macedonia: share of GDP, exports and employment*. Journal of Process Management - New Technologies, 1 (3). pp. 7-14. ISSN 2334-735X;

Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2012). *“SMEs innovation and growth in EU”*.Management Journal for Theory and Practice Management (64). pp. 87-94. ISSN 1820-0222;

Gogova Samonikov, Marija and Nikolova, Elena and Temelkov, Zoran (2012). *Deposit or investment in voluntary pension fund – case study in the Republic of Macedonia*. Conference Proceedings-1st International Conference South-East European Countries toward European Integration 20th October 2012 Elbasan – Albania. pp. 39-42. ISSN 2221-5956;

Gogova Samonikov, Marija and Nikolova, Elena (2012). *Management of banking operations to avoid crises*. Conference Proceedings-1st International Conference South-East European Countries toward European Integration 20th October 2012 Elbasan – Albania. pp. 144-149. ISSN 2221-5956;

Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2012). *„Ланецот на вредности како извор на конкурентска предност на текстилните претпријатија“*. Conference proceedings, First International Conference for Business, Economy and Finance- ICBEF 2012. pp. 194-203. ISSN 978-608-4504-88-7;

Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena (2012). *Финансиските кризи низ историјата споредени со кризата од 2007*. Conference proceedings, First International Conference for Business, Economy and Finance- ICBEF 2012. pp. 25-36. ISSN 978-608-4504-88-7;

Nikolova, Elena and Fotov, Risto and Gogova Samonikov, Marija (2012). *“Knowledge management for SMEs in the knowledge based economy”*.19th International Economic Conference – IECS 2012: “The Persistence of the Global Economic Crisis: Causes, Implications, Solutions”, 15 June, 2012, Sibiu, Romania. pp. 373-380;

Nikolova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2012). *“SMEs innovation and growth in EU”*.XIII International Symposium SymOrg 2012: “Innovative Management and Business Performance”, 5-9 June, 2012, Zlatibor, Serbia. pp. 679-685;

Gogova Samonikov, Marija and Nikolova, Elena (2012). *Historical financial flows compared with the actual financial crisis*. International conference: Trends and Challenges in the Economic Development, 10-11 May, 2012;

Nikolova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2012). *“Systemic approach to teamwork - a model for team building”*.International conference: “Trends and Challenges in the Economic Development”, 10-11 May, 2012, 4. pp. 294-299. ISSN 978-954-21-0603-6;

Gogova Samonikov, Marija and Fotov, Risto and Nikolova, Elena (2012). *Innovative methods on managing of resources in banks, caused by the influences of the current crisis on the working process of these institutions*. Revista Economică, 3 (62). pp. 113-121. ISSN 1582-6260;

Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija and Matlievska, Margarita and Sajnoski, Krste (2011)*Selecting and assessing a target firm for an international merger or acquisition*. Conference Proceedings, Economics and Management in the 21st Century - Solutions for Sustainability and Growth, 3. pp. 479-563. ISSN 978-954-23-0679-5;

Gogova Samonikov, Marija (2010). *Колку за Македонија е блиска иднината на „општество без кеш“ - Кожниот не се менува лесно со електронски паричник*. Бизнис - Дневен економски весник (598). pp. 2-3;

Gogova Samonikov, Marija (2010). *Македонија во рамките на унитарното раководење*. Бизнис - Дневен економски весник (586). p. 4;

Temelkov, Zoran and Gogova Samonikov, Marija (2010). *Деловните банки можат да бидат и посредници*. Бизнис - Дневен економски весник (577). pp. 2-3;

Gogova Samonikov, Marija and Temelkov, Zoran (2010). *Инвестирање во доброволен пензиски фонд или орочување на средствата?*, Бизнис - Дневен економски весник (572). pp. 2-3;

Josheski, Dushko and Gogova Samonikov, Marija (2009). *The affects from the financial crisis over the agro economy in developed and developing countries with a Review for Republic of Macedonia*. Emerging Markets Economics: Macroeconomic Issues & Challenges eJournal, 3 (68). pp. 1-6;

Gogova Samonikov, Marija (2009). *Safety of the information bank system in the Repuplic of Macedonia*. Securitatea Informaţională 2009 Conferinţă Internaţională (Ediţia a VI-a). pp. 23-25. ISSN 978-9975-75-459-0;

Gogova Samonikov, Marija (2009). *Евидентни недостатоци во регулирањето на финансискиот сектор*. Годишен зборник 2009, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Економски факултет, 1. pp. 143-149. ISSN 13-978-608-4504-04-7;

Gogova Samonikov, Marija (2009). *Општите психолошки фактори на однесување на потрошувачите*. Годишен зборник 2009, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Економски факултет, 1. pp. 195-201. ISSN 13-978-608-4504-04-7;

Fotov, Risto and Gogova Samonikov, Marija (2008). *Regulation and modernization of the financial markets*. In: Jubilejna Mezdunarodna Naucnoprakticeska Konferencija – Svistov;

Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena (2012). *Financial crises through history compared with the crisis from 2007*. LAP - Lambert Academic Publishing, Germany. ISBN 978-3-8454-0700-5.

***Евалуација на некои од поважните трудови:***

Во магистерскиот труд насловен како **„Слабостите на финансиската регулација како фактор за појава на финансиските кризи“** кандидатката анализира неколку сегменти. Магистерскиот труд е сегментиран на осум дела, вклучително воведното и заклучното обраќање. Тие сегменти се: причини за регулација на финансиските пазари, форми на регулација на финансиските пазари, финансиската регулација во банкарскиот сектор, финансиските кризи низ историјата, слабостите на финансиската регулација како фактор за појава на финансиските кризи и регулација на финансискиот сектор во Република Македонија. Најпрво, во воведното обраќање се сосредоточува со тековните ситуации на финансиските пазари и кризата која ги зафати по пропаѓањето на една од најголемите инвестициони банки Lehmann Brothers.

Стручното опфаќање и анализа на материјата започнува со делот наречен „Причини за регулација на финансиските пазари“. Во овој дел кандидатката објаснува кои фактори стојат пред финансиската регулација како предуслов за постоењето и потребата од финансиска регулација. Како одделни потточки се опфатени глобализацијата, финансиските иновации и потенцијалните финансиски кризи како аргументи за потребата од финансиско регулирање. Анализата покажува дека глобализацијата како процес доста длабоко се има втемелено во финансиското работење. Финансиските пазари сè повеќе не се ограничени со некои физички граници и тргувањето добива меѓународни димензии, а притоа опфатот е толку голем што импликациите од финансиското работење се рефлектираат во многу економски сегменти. Финансиските иновации (некои од нив појавени пред околу 40 години) се аргумент плус, поради тоа што обично се јавуваат како модалитети на веќе постоечки финансиски инструменти, а со тоа се создава можност за нивно избегнување во рамките на законските системи. Овде се надополнува и техничко-технолошкиот развој, посебно развојот на информатичките технологии. На крај од овој дел се прави осврт на потенцијалните финансиски кризи. Секое недобро раководење и водење на финансиски бизнис предизвикува нерамнотежи кои, за жал, во светот на финансиите не остануваат само во негови рамки, туку многу лесно може да го опфатат и целокупниот економски систем. Од тие причини, здравото формулирање на регулаторниот систем и неговата стриктна имплементација се неопходни за функционирање на еден општествен систем.

Понатамошниот дел на трудот ги анализира формите на регулација на финансиските пазари. Оваа анализа кандидатката ја прави со цел да посочи на начините на класифицирање на регулацијата, согласно со опфатот и видот на регулирање што го вклучува во тие рамки. Формите на регулацијата ги анализира како регулација на финансиските институции, регулација на финансиските активности, останати форми на регулирање и одделно разгледување на моделите на регулација на финансиските пазари. Ваквото категоризирање кандидатката го прави според тоа на кои институции им е дозволено да вршат одредени финансиски активности, што смеат тие да вршат и како работата треба да биде извршена. Посебен осврт се прави на инсајдерското тргување и на информационата асиметрија.

Во следниот дел, кој е наречен *Финансиската регулација во банкарскиот сектор,* кандидатката по опфатот на причините зошто мора регулацијата да постои и како таа се реализира се насочува кон банкарскиот сектор. Ваквото конкретизирање за стриктно банкарски институции го прави од причина што најголемо учество на финансиските пазари имаат овие институции. Банките низ историјата оставале трага и со своето успешно работење, но и со своето неуспешно работење. Овој дел е поделен на следниве потточки: осврт на банкарските кризи низ историјата и улогата на регулацијата во тие епизоди, правна рамка на финансиската регулација во банкарскиот сектор, осигурување на депозитите, кредитно осигурување, менаџмент со ризиците во банките и банкарска супервизија. Со ваквото определување за опфат на темата, кандидатката најпрво ги набројува историските банкарски кризи и како регулацијата реагирала на нив низ времето, за да денес се формираат одредени законски рамки кои конкретизирано работат на ова подрачје, а потоа прави обработка на конкретните начини на регулирање на одделни банкарски компоненти кои влијаат и можат да се инфилтрираат во работењето на повеќе сектори (граѓани, домаќинства, претпријатија, држава).

Делот *Финансиските кризи низ историјата* веќе опфаќа поширок спектар на институции и нерамнотежи на финансискиот сектор, не само на банкарскиот сектор. Овде кандидатката ги опфаќа кризите во земјите со развиени финансиски системи, кризите во земјите со недоволно развиени системи. Потоа прави компарација на кризите низ историјата со кризата од 2007 година, посебно од аспект на влијанието на кризите врз нивото на вработеноста, инфлацијата, рочноста, БДП. Делот го завршува со согледување на улогата на регулацијата во предизвикувањето, настанувањето и одржувањето на кризата од 2007 година, како еден од основните причинители и ги анализира светските мислења и ставови по ова прашање.

Во следниот дел, кандидатката стриктно ги анализира слабостите на регулацијата како фактор за појава на финансиските кризи. Затоа овој дел е насловен како *Слабостите на финансиската регулација како фактор за појава на финансиските кризи*. Овој тематски

дел ги опфаќа слабостите на регулацијата при регулирањето на пазарот на пари, слабостите на регулацијата при регулирањето на пазарот на капитал, слабостите на регулацијата при регулирањето на одделни финансиски институции, како што се: пензиските фондови, осигурителните друштва, заедничките фондови и слично, за на крај да даде сопствен поглед на иднината на регулацијата во светот. Сите овие засебни тематски единици, на крај, кандидатката ги сублимира во една тематска единица посветена на Република Македонија. Согледување на состојбите во Македонија, со осврт на аспектите и потенцијалните недостатоци, како и можности за запаѓање во криза на македонската економија. Овој труд кандидатката го заокружува со заклучно излагање, во кое од секој дел на трудот вади свое гледиште на настаните, историјата и иднината.

Во трудот **„Регулација и модернизација на финансиските пазари“,** објавен од Академичното издателство „Ценов“ во Свиштов, кандидатката во коавторство со проф. д-р Ристо Фотов прават анализа на финансискиот пазар непосредно пред објавувањето на финансиската криза и пропаѓањето на инвестиционата банка Lehmann Brothers, со осврт на потребата од промена во регулаторните структури во Америка, Англија и во Македонија.

Во овој труд се разгледува одразот на регулацијата врз финансиските трансакции кои имаат големо учество и удел во економските текови. Посебно поента е ставена на дерегулацијата извршена во 80-тите години на минатиот век, а се потенцира и на потребата од регулаторни реформи согласно со настаните во периодот на и пред 2007 година. Во трудот е направена анализа на тековните настани и случувања и согледувања на финансиските текови и прераспределба на средствата на финансиските пазари во периодот околу оваа 2007 година.

Во трудот **„Безбедноста на информациониот банкарски систем во Република Македонија“**, објавен како труд од Едитура АСЕМ од Ќишењев, кандидатката преку анализа на одлуките на Централната банка на Република Македонија за информационата безбедност во банкарскиот сектор дава оценка на достигнувањата во Македонскиот информационен безбедносен банкарски систем. Во трудот таа ги анализира методите кои се применуваат и нивната компатибилност со светските потреби. Посебен аспект се става на барањата кои се отворени пред информациско безбедносните системи и потребите за нивно унифицирање во светски рамки. Согласно со ова, таа го покажува патот на Македонскиот систем и потребите од негово надградување кои се движат по одредени светски норми и стандарди и тековно вршат надградување. Посебно анализата, кандидатката ја врши преку работата на Централната банка во Република Македонија, со помал осврт на информациската безбедност и нејзината импликација во рамките на комерцијалните банки.

Во трудот **„Општите психолошки фактори на однесување на потрошувачите“**, објавен во публикација на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, кандидатката прави осврт на своето додипломско изучување од областа маркетинг. Во трудот кандидатката прави поврзување на психолошките фактори на однесување на потрошувачите кај финансиските пазари и при реализирање на финансиските трансакции, посебно ако предвид се земе дека овие пазари се поспецифични од останатите „класични“ пазари, каде што се тргува со физички производи. Финансиските пазари се повеќе услужно и инструментално ориентирани, а при вакво тргување се тргува со нечие богатство, па оттаму специфичноста на оваа тема за анализирање и нејзино продлабочување.

Кандидатката во трудот **„Евидентни недостатоци во регулирањето на финансискиот сектор“**, објавен во публикација на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, прави анализа на хипотекарната криза од 2007 година, преку анализирање на модел за квантифицирање на ефектите од економските нерамнотежи. Овој модел се базира на претходни евидентни показатели во економијата. Овие показатели прават корелација меѓу времето, цените и запленување на хипотекарните гаранции. На ваков начин се потврдува ставот на согледување на состојбите во целина, а не само делумно распознавање на показателите без нивно комплетирање во целина. Кандидатката доаѓа до заклучокот дека во финансискиот систем податоците алармирале на влошена економска состојба, која реално има шанси да заврши како криза, но сите истражувања кои биле вршени давале само парцијална слика на проблемот, а не и проблем во целина. Од таа причина, кандидатката го насочува трудот како посочување за потреба од согледување на цели слики и навремено реагирање на сите макар и минимално алармантни показатели.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената документација, Комисијата констатира дека на распишаниот Конкурс за избор на соработник-асистент за научната област **финансии** на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип се пријави кандидатката м-р Марија Гогова Самоников.

Кандидатката ја поднесе комплетната документација што се бараше во Конкурсот и ги исполнува сите услови предвидени за избор во звањето соработник-асистент, со што ги исполнува условите што се предвидени за избор во звањето соработник-асистент според Правилникот за критериуми и постапка за избор на наставно-научни, наставни и соработнички звања и Законот за високото образование.

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност, Комисијата констатира дека кандидатката м-р Марија Гогова-Самоников покажува постојан и прогресивен стручен развој и дава значаен придонес во областа на финансиите. Перманентниот интерес за научноистражувачка работа на кандидатката се потврдува со бројните објавени научни и стручни трудови. Научноистражувачката работа на кандидатката е континуирана и ја потврдуваат нејзината ориентација за системски пристап кон непосредната и пошироката област и проблематиката што се однесува на предметот за којшто кандидатката конкурира.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатката, Комисијата оценува дека **м-р Марија Гогова Самоников** ги исполнува предвидените законски и други услови и има чест на Наставно-научниот совет на Економскиот факулет да му предложи **да ја избере во звањето асистент за научната област финансии.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Стеван Габер, доцент – претседател, с.р.**
**Проф. д-р Ристо Фотов, вонреден професор – член, с.р.**
**Проф. д-р Трајко Мицевски, редовен професор – член, с.р.**

## ТАБЕЛА

**За вреднување на активностите на м-р Марија Гогова Самоников, според критериумите дадени во Правилникот за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| | Вид на активност | Број | Поени | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | во земјава | Во странство | |
| | **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | | |
| **1.** | **Научно-популарна статија во весник**<br>Gogova Samonikov, Marija (2010). *Колку за Македонија е блиска иднината на „општество без кеш“ - Кожниот не се менува лесно со електронски паричник.* Бизнис - Дневен економски весник (598). pp. 2-3.<br>Gogova Samonikov, Marija (2010). *Македонија во рамките на унитарното раководење.* Бизнис - Дневен економски весник (586). p. 4.<br>Temelkov, Zoran and Gogova Samonikov, Marija (2010). *Деловните банки можат да бидат и посредници.* Бизнис - Дневен економски весник (577). pp. 2-3.<br>Gogova Samonikov, Marija and Temelkov, Zoran (2010). *Инвестирање во доброволен пензиски фонд или орочување на средствата?*, Бизнис - Дневен економски весник (572). pp. 2-3. | 4 | 0.5 | / | **2** |
| **2.** | **Реализација на вежби** (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период на прв циклус студии) | **Вкупно 96** | **96/2 (семестри) = 48*0,5=24** | | |
| | **Вкупно** | | | | **26** |
| | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | | | | |
| **1.** | **Научна книга**<br>*Financial Crises Through History Compared With The Crisis From 2007* | 1 | | 15 | 15 |
| **2.** | **Одбранета магистерска работа**<br>„Финансиската регулација како фактор за појава на финансиски кризи“ | 1 | 4 | / | 4 |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови на научен собир**<br>“Selecting and assessing a target firm for an international merger or acquisition”<br>“Systemic approach to teamwork - a model for team building”<br>“Historical financial flows compared with the actual financial crisis”<br>“SMEs Innovation and Growth in EU”<br>“Knowledge management for SMEs in the knowledge based economy”<br>“Innovative methods on managing of resources in banks, caused by the influences of the current crisis on the working process of these institutions” | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.** | „Ланецот на вредности како извор на конкурентска предност на текстилните претпријатија“<br>„Финансиските кризи низ историјата споредени со кризата од 2007“<br>“Deposit or Investment in Voluntary Pension Fund – Case Study in the Republic of Macedonia”<br>“Management of Banking Operations to Avoid Crises”<br>“*The affects from the financial crisis over the agro economy in developed and developing countries with a Review for Republic of Macedonia*”<br>“*Safety of the information bank system in the Repuplic of Macedonia*”<br>“*Regulation and modernization of the financial markets”* | 13 | | 2 | 26 |
| **4.** | **Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник од трудови (Годишен зборник на Економски факултет - Штип)**<br>„Евидентни недостатоци во регулирањето на финансискиот сектор”<br>„Општите психолошки фактори на однесување на потрошувачите” | 2 | | 1,3 | 2.6 |
| **5.** | **Учество на научен собир со реферат (усно, потврдено со сертификат за учество)** | Во странство – 3<br>Во земјава – 1 | 1,5 | 2 | 7,5 |
| **6.** | **Студиски престој во странство** – UWE Англија 2010 година | 1 | | 8 | 8 |
| | **Вкупно** | | | | **63,1** |
| | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | | | | |
| **1.** | **Труд во стручно-научно популарно списание**<br>1. “SMEs Innovation and Growth in EU”,<br>2.“Innovative methods for managing resources in banks, caused by the influences of the current crisis on the working process of these institutions”,<br>3.“The role and importance of the textile industry in the national economy of the Republic of Macedonia: Share of GDP, exports and employment”,<br>4.“Attracting foreign direct investments in transition economies with special reference to the Republic of Macedonia”,<br>5.“How the Textile Companies in South-East Europe Create Value” | 5 | / | 6 | 30 |
| **2.** | **Член на ННС** | 1 | 2 | | 2 |
| **3.** | **Член на уписна комисија** | 2 | 2 | | 4 |
| **4.** | **Учесник во научен проект**<br>„Local Economic Development in Albania, Macedonia and Kosovo” | 1 | | 8 | 8 |
| | **Вкупно** | | | | **44** |
| | **ВКУПНО** | **133,1** | | | |